Ристо Христов, СЕЛОТО И СЕЛАНСТВОТО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ, Социо-економски истражувања, Мисла, Скопје, 1993, 318.

Наведениот монографски труд на проф. д-р Ристо Христов ги следи основните правци и карактеристики во развојот на руралното општество, на селото и селското стопанство во вардарскиот дел на Македонија во периодот помеѓу двете светски војни. Содржи 318 страници, со предговор (стр.7-21), заклучок (288-289) и резиме на англиски јазик (298-299), библиографија на користени и консултирани извори и литература (300-318). Концепциски и содржински е поделен на шест глави и мноштво поглавја и подточки, со комбинирање на проблемско-хронолошката презентација.

Во истражувачкиот потход на наведената тема - наслов, авторот тргнува од последиците што ги оставиле врз селското население, селското стопанство и селото воопшто, балканските (1912-1913) и Првата светска војна (1914-1918). Оваа проблематика е проследена во првата глава на трудот "*Селанството и селското стопанство на Вардарска Македонија по завршувањето на балканските и Првата светска војна*", (стр. 23-41), во која, низ три посебни поглавја се врши детална анализа на одразот на војните врз движењето на вкупното население и посебно врз движењето на селското население, последиците врз земјоделството, положбата на селанството и состојбата на сточарството на крајот на војните.

Авторот ги проследува промените во бројната состојба и во движењето на целокупното население во Вардарска Македонија, при што констатира намалување на населението и тоа најмногу во оние краишта и места каде што непосредно се воделе воените операции или кои се наоѓале во непосредна близина на боиштата. Од вкупно 26 тогашни околии опаѓање на населението е забележано дури кај 22 околии или во 1921 година бројот на населението бил намален за цели 75.036 жители.

Покрај демографските промени, војните му нанесле огромни штети и на земјоделството и сточарството. На селаните им биле запустени имотите, куќите, земјоделскиот инвентар и стопанските згради. Биле нарушени стопанските текови и исцрпени материјалните производни сили.

Тргнувајќи од тешката состојба во стопанството и од животот на селанството кој се граничел со борба за гола егзистенција, на стартот на новата држава Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна

Кралство Југославија, во втората глава "*Основните социо-економски карактеристики и промени во движењето и структурата на населението во селата во Вардарска Македонија во меѓувоениот период*", (стр. 43-55), низ две посебни поглавја проследени се основните демографски карактеристики на селското население и промените во структурата на населението во селата според основните економски белези во периодот 1918-1941 година.

Врз база на пописните резултати од 1921 и 1931 година и со користење на други извори и податоци за населението во Вардарска Македонија, авторот констатира дека и во 1921 и во 1931 година речиси три четвртини од сето население отпаѓале на селанството. Преку компаративна анализа на демографските карактеристики на населението во Македонија, Словенија и Југославија за периодот 1934-1939 година се констатира висока стапка на наталитетот, морталитетот и природниот прираст на населението во Вардарска Македонија која била резултат на стопанската неразвиеност и заостанатост.

Според анализата на пописите од 1921 и 1931 година, исто така авторот утврдил дека речиси три четвртини од населението живеело од земјоделството. Карактеристично е тоа што процентот на земјоделското население бил поголем од оној на селското население, како што и процентот на градското население бил повисок од оној на неземјоделското население.

Третата глава, "*Развитокот, карактеристиките и проблемите на земјоделството*", (стр. 57-103), низ шест посебни поглавја го разгледува целокупниот сплет на промените во аграрно-правните односи и суштината на новите производствени односи во земјоделството, структурата на вкупната и обработливата земјоделска површина, структурата на земјоделските поседи, агротехничката заостанатост, движењето и обемот на аграрната продукција и влијанието на тогашната аграрна реформа и колонизација врз земјоделството на Вардарска Македонија.

Според пописот од 1931 година, вкупната површина на земјоделските поседи во Вардарска Македонија изнесувала 572.597 ха, при што најголемиот дел од поседите отпаѓал на ситните стопанства до пет хектари. Понатаму авторот ги наведува причините поради кои поседите и понатаму се ситнеле.

Посебно место во анализата на промените на земјишно-сопственичките односи му е дадено на аграрната реформа и колонизација со која на македонското селанство му биле нанесени огромни неправди. Во Вардарска Македонија аграрната реформа и колонизација биле спроведувани без увид во расположивиот земјишен фонд и со своеволно ограничување на имотите на македонските селани од страна на аграрните комисии, со непланско доселување на колонисти и неправедна поделба на

земјата. Сепак, оваа мерка на големосрпскиот режим не успеала во нејзината првостепена задача - да ја разбие националната компактност на Македонците и да изврши нивна србизација.

Четвртата глава, *"Развитокот на сточарството и неговото место во стопанската структура на тогашна Вардарска Македонија"* (стр. 105-171), речиси е најобемната глава во трудот. Во неа низ посебни поглавја и подточки се обработуваат условите за развитокот на сточарството, растежот на добиточниот фонд и основните белези на сточарството, суштината и основните карактеристики на номадскиот начин на сточарење и суштината и основните карактеристики на полуномадскиот начин на сточарење.

Во рамките на елаборацијата на горенаведените прашања, авторот не се ограничил само на историографската фактографија, туку со проучување на достигањата на етнологијата и социологијата дава извонредна слика на животот на сточарите, посебно на номадските сточари и нивното преоѓање кон полуномадскиот начин на сточарење.

Петтата глава носи наслов *"Економско-социјалната положба на селанството"* (стр. 173-225). Тука е обработен проблемот на аграрната пренаселеност, даночната оптовареност, задолженоста на селанството, неправдите и злоупотребите при формирањето на цените и откупувањето на аграрните производи, обемот и карактерот на домашното куќно производство и на некои неземјоделски дејности како дополнителен извор на приходи и причините и размерите на печалбарството.

Во услови на недостиг на земја за обработување, вишок работна сила, обезвредување на земјоделските призводи преку откупната политика на режимот, прекумерна задолженост и оптовареност со даноци, неможност да се најде вработување во неземјоделскте дејности, македонскиот селанец барал додатни приходи во домашното куќно производство во изработката на најразлични предмети и потреби од текстил, земја, камен, дрво и сл. Меѓутоа, со кокуренцијата на индустриските стоки замира и овој извор на приход за селанецот, така што за него најчесто останува единствен излез печалбарстовото.

Шестата глава на трудот - *"Основните социо-економски белези на селските населби и карактеристиките на животот во селото"*, (стр. 227-287), најпрво го обработува селото како општествена заедница, а потоа просторната разместеност, положбата и типовите на селските населби, начинот на градба и типови куќи во селските населби, видовите на помошни згради и нивната изградба во зависност од начинот на стопанисување, облиците на семејниот живот и распаѓањето на големата семејна задруга, улогата на обичаите, верувањата и традицијата во животот на тогашното население во селата и значењето на заемната солидарност и меѓусебното помагање за опстанокот на селските заедници.

Промените во начинот на производството условиле да започнат промени и во сите други подрачја на општествениот живот. Навлегувањето на стоково-паричните облици во селското стопанство се повеќе ги поткопувало темелите врз кои почивале големите семејни задруги чие распаѓање во овој период било во поодмината фаза. Неизбежните промени, колку и да имале ограничен обем, започнале се потесно да ги поврзуваат селата со градовите и на таков начин да го шират градското влијание врз селската средина. На селото продираат нови погледи на животот, се зголемуваат потребите, очекувањата, желбите и аспирациите и се менува системот на вредности кој, се разбира, како што заклучува авторот, се менувал секогаш со менувањето на непосредните материјални услови на живот.

Тргнувајќи од веќе постојните сознанија и оценки за феноменот на селото и селанството во еден мошне битен период од развојот на општествено-економските односи во Вардарска Македонија, авторот ненаметливо дава свои толкувања и наведува свои гледишта базирани врз анализа на изворна граѓа и други споредни извори. Широката поставеност на темата, која претпоставува разгледување не само на проблемите поврзани со земјоделството и сточарството, туку и на редица други прашања од животот и развитокот на селата, ја наметнале потребата од консултирање многубројни трудови и прилози не само од историографскиот фонд (историографски трудови и архивски документи), туку пред сè од социологијата на селото, економијата на аграрот, етнолошки, етнографски и антропогеографски истражувања. Со користење на сознанијата од повеќе хуманитарни науки и со интердисциплинарен пристап во елаборирањето на поставените прашања авторот успеал да ги поврзе стопанските движења и промени со општествените односи, создавајќи интересна студија во која зад едностаниот живот и односи на селото ја разоткрил целата разнообразност на животот на село и целата сложеност на односите што ги зафатиле промени, односно уривање на една традиционална патријахална цивилизација.

Во целина гледано, монографијата ***Селото во вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни"*** на проф. д-р Ристо Христов претставува значајна социо-економска студија со која авторот дава извонреден прилог во расветлувањето на еден од најсуштинските сегменти од историјата на општествено-економските односи на тлото на Вардарска Македонија - селото во 1918-1941 година.

Виолета АЧКОСКА